ИП1 бр. 29-114
Дата: 02.04.2025 година

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024, изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство на електрична енергија ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско, со седиште и адреса на вршење на дејноста-Производство на електрична енергија од биомаса на ул. Автопат бр. 4 Градско, застапуван од Ванчо Георгиев–управител, со ЕМБГ . Со Записник ИП1бр. 29-114 од 27.03.2025г. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 став 2 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25) донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ НАРЕДУВА** на Друштво за производство на електрична енергија ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско, со седиште на ул. Автопат бр. 4 Градско:

1.1 Да превземе активности за исполнување на мерките утврдени во одобрениот Елаборат за заштита на животната средина со бр. 01-01/22 од 10.01.2022г. за вршење на дејноста–Производство на електрична енергија од биомаса, во границите на постројките за производство на биогас, лоцирани на КП 794/1, КП 794/8 и КП 749/9 КО Водоврати, Општина Градско и тоа:
- Озеленување на просторот преку засадување на високи дрвја,
- Одржување на пристапните внатрешни патишта на начин кој ќе обезбеди при транспортот, складирањето, истоварот или товарењето на материјали и ѓубриво да се спречат влијанијата во околината.

Рок: 40 (четириесет) дена од денот на приемот на решението.

2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точките 1. на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на инспекциските мерки, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

Република Северна Македонија
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број А060120024 изврши вонреден инспекциски надзор над субјектот на надзор Друштво за производство на електрична енергија ВАРДАР БИО ПРОЦЕС ДОО Градско, со седиште и адреса на вршење на дејноста-Производство на електрична енергија од биомаса на ул. Автопат бр. 4 Градско, а по доставено Барање за вршење на инспекциски надзор од страна на Народен правобранител на РСМ, во врска со поднесена претставка од физичко лице од Градско, поткрепена со петиција потпишана од 100 лица, со наводи за "големо загадување на животната средина проследено со многу непријатен мирис и сомнеж за штетно влијание врз здравјето на луѓето и животната средина од работата на правното лице ВАРДАР БИО ПРОЦЕС Градско".

Надзорот се изврши по добиен Налог бр. 02-330/2 од 27.03.2025г., со цел да се утврди дали се исполнуваат мерките пропишани во Елаборат за заштита на животната средина за вршењето на дејноста, во врска со наводите од барањето.

Надзорот се изврши на 27.03.2025г. во присуство на одговорното лице во правното лице Ванчо Георгиев – управител. За утврдената фактичка состојба се изготви Записник за констатација со ИП1бр. 29-114 од 27.03.2025 година.

На предметната локација субјектот на надзор врши дејност Производство на електрична енергија од постројка за согорување на биогас – метан кој се добива од земјоделски култури, ѓубриво и остатоци од храна. За влијанијата врз животната средина од вршењето на дејноста изготвен е Елаборат за заштита на животната средина со бр. 01-01/22 од 10.01.2022г. кој е одобрен од Управата за животна средина како надлежен орган со Решение од 05.04.2022г. (во списите на предметот).

Постројката е започната со работа во септември 2023г. и истата се наоѓа на 3 КП и тоа: КП 794/1, КП 794/8 и КП 749/9 КО Водоврати, Општина Градско. Се работи за 3 биогасни електрани со капацитет од 3x1 MW (постројка за производство на електрична енергија од обновливи извори – биомаса). Секоја биоцентрала ја содржи следната опрема: Дозатор за органски енергенс, Приемна јама, Примарен и секундарен дигестор (за анаеробна фермантација на силажата под температура од 40 степени целзиусови), Машинска просторија, Систем за ладење на биогас, Генераторска единица, Трафостаница и Горилник. Во границите на објектот се наоѓаат и

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Плато за складирање на сув пост дигестат, Бетонски резервоар за складирање на течен пост дигестат.

[redacted]

При надзорот согласно пропишаните мерки во Елаборатот за заштита на животната средина се констатира дека субјектот не ја исполнил мерката 8. од Програмата за заштита на животната средина која предвидува Озеленување на просторот преку засадување на високи дрвја со временски рок од 2023-2025г., заради тоа што на границата на инсталацијата во соседството постои населба со објекти за домување.

Елаборатот за оваа мерка го пропишува следново: “Во поглед на озеленувањето, да се планираат соодветни профили на дрвореди. Изборот на зеленило треба да се усогласи со условите за заштита и негова намена. Деталниот изглед и локациите за поставување на стеблестите дрвја да биде во соработка со надлежните институции и стручни лица од областа на дендрологијата. Диспозицијата на високите дрвја да биде усогласена со трасите на подземните инсталации, додека изборот на видот на озеленувањето да биде во согласност со условите на теренот, односно способноста на повеќе апсорпција на штетни гасови и кои немаат посебен третман за одржување. Согласно Законот за урбано зеленило, процентуалната застапеност на зелената површина да се дефинира со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање”.

При надзорот се констатира дека пристапните асфалтирани внатрешни патишта не се одржуваат во добра состојба (при транспорт, складирање, истовар или товарење на влезни и излезни материјали) која ќе превенира емисии на миризба во околината, заради тоа што опремата за одржување на патеките е во дефект.

Елаборатот утврдува посебно значење на утоварот и транспортот на ѓубривото од фармите до централите за биогас и утоварот и транспортот на ѓубрето (цврста и течна фракција) после завршениот процес до локациите (нивите) каде се планира третман на земјиштето со природно ѓубриво.

Во Програмата за заштита на животната средина во состав на Елаборатот за заштита на животната средина се содржи насока за примена на Начелото за висок степен на заштита согласно член 6 од Законот за животната средина кое гласи: “Секој е должен при превземањето на активности или вршењето на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето”.

Согласно овластувањата што произлегуваат од член 198 став 1 точка 7 од Законот за животната средина, а врз основа на член 200 став 2 од Законот за животната средина, Државниот инспектор за животна средина го донесе ова решение.

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

[redacted]

Доколку субјектот не постапи согласно издаденото решение, Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежен органили суд, а во согласност со член 200 став 4 од Законот за животната средина.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Решението.

Жалбата се поднесува во два примероци и се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административна такса на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такса.

Решено во Државен инспекторат за животна средина – канцеларија во Велес под ИП1бр. 29-114 на ден 02.04.2025 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул.”Бихаќка” бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr.”Bihakjka “ nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243